Ерсир 11.09.2017 Ѕм

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

ДО НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ СКОПЈЕ

| Примено: 11.09.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| ЈЕП | 1585/17 | | |

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-3115/1
5.9.2017 година

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.9.2017 година, ја разгледа Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2008), доставена од Народниот правобранител на Република Македонија, под број 1585/15 од 29.6.2017 година, преку Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство, во кои е поддржана Иницијативата за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, (во насока на изнаоѓање законско решение, категоријата на нерегистрирани граѓани во матичната книга на родените да добијат матичен број и да се запишат во истата), ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016).

**ПРИЛОГ 3: Мислења од Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Согласен: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

Република Македонија
Министерство за правда

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 21-08-2017
Орг. Един. 44 | Број: 3115/6 | Прилог: | Вредност:

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бр. 23-2220/3
Скопје, 17-08-2017 год.

Влада на Република Македонија

Министерство за правда

Димитрија Чуповски бр. 9
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) ______
Фах. (02) ______

Сајт: www.justice.gov.mk
E-Mail:

ДО
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Генрален Секретаријат на Владата на Република Македонија

ПРЕДМЕТ: Мислење, доставува

Почитувани

До Министерство за правда, на ден 11.07.2017 година се достави Барање за мислење од страна на Генералниот секретар на Владата на РМ, со која се бара се да произнесеме во врска со Иницијатива за измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, во правец на изнаоѓање на законско решение за катергијата на нерегистрирани граѓани во матичните книги на родените.

Во однос на истото, Ве известуваме дека од срана на Министерство за правда во 2016 година беа номинирани двајца члена во Работна група која беше формирана од страна на Министерство за труд и социјална политиика. Истата работна група ги изготви сите предвидени измени, но истите останаа непроследи поради прогласување на парламентраните избори.

Што се однесува до проблематичната материја, Министерство за правда во целост ја подржува иницијативата и е на мислење дека што побрзо треба да се реши проблемот со категоријата на нерегистрирани граѓани.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Bilen Saliji